РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-5092/5
03-08-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на ------ седница одржана на -------- година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот бр. 09-5092/1 од 26.05.2022 година, оформен по сопствена иницијатива против лицето ___________, директор на ООУ „___________" Тетово **СЕ ЗАПИРА.**

По доставен Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог до лицето ____________ и негово постапување, ДКСК утврди нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-5092/1 од 26.05.2022 година е оформен по сопствена иницијатива, со цел да се поведе постапка за порамнување согласно 114 став 3 од ЗСКСИ против службеното лице _____________, директор на ООУ „_____________, Тетово, биејќи истиот го повредил член 56 став 2 од ЗСКСИ, а казнив по член 105 став 1 алинеја 14 од истиот закон. Имено ДКСК донесе Одлука со бр. 09-161/2 од 21.04. 2022 година со која констатира состојба на судир на интереси. По доставената одлука до него, службеното лице _____________ во рок од 15 дена не ја отстрани на состојбата на судир на интереси.

ДКСК констатираше дека од страна на лицето _____________ е сторен прекршок и за истото согласно Законот за прекршоци состави Записник за констатиран прекршок и издаде Прекршочен платен налог, кои беа доставени во прилог.

Во законски предвидениот рок, лицето _____________ до ДКСК достави уплатница за платена глоба по прекршочен платен налог.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК.
Изработил: м-р С.М советник
Контролирал: К.З- раководител
Одобрил: С.П.Д- член на ДКСК